Јавно комунално претпријатие
"ВОДОВОД" п.о.
Бр. 02-216/3
07.03 2024 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 15 точка 4 од Статутот на ЈКП "Водовод" – Битола, член 27 и 33 точка 4 од Деловникот за работа на Управниот одбор а согласно доставеното Мислење во врска со Извештајот за стопанското работење на ЈКП „Водовод" - Битола за 2023 год. од Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење во ЈКП „Водовод" - Битола, Управниот одбор на ЈКП "Водовод" – Битола на седницата одржана на ден 07.03.2024 год. ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
за усвојување на Извештајот за стопанското работење
на ЈКП "Водовод" – Битола за 2023 год.

1. Согласно Извештајот за стопанското работење на ЈКП „Водовод" - Битола за 2023 година. Претпријатието ја заврши годината со негативен финансиски резултата од 22.080.539,00 денари.

2.Се усвојува во целост Извештајот за стопанското работење на ЈКП „Водовод" – Битола за 2023 год.

3. Извештајот за стопанското работење на ЈКП „Водовод" – Битола за 2023 год. е составен дел на Одлуката.

4. Составен дел на Одлуката е и доставеното Мислење од Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈКП „Водовод" - Битола.

5. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето

6. Примерок од Одлуката заедно со Извештајот за стопанското работење на ЈКП „Водовод" - Битола за 2023 година, ќе се достави до Советот на Општина Битола.

**О б р а з л о ж е н и е**

Управниот одбор на ЈКП „Водовод" – Битола на седницата одржана на ден 07.03.2023 год. разгледувајќи го Извештајот за стопанското работење на ЈКП „Водовод" - Битола за 2023 год. а по претходно прибавеното Мислење од страна на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈКП „Водовод" – Битола, едногласно одлучи како во диспозитивот на одлуката

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА У.О**

**Пеце Стојковски**

Јавно комунално претпријатие "ВОДОВОД" п.о. БИТОЛА

Јавно комунално претпријатие
"ВОДОВОД" п.о.
Бр. 02-216/2
04.03 2024 год.
БИТОЛА

Врз основа на чл. 15 т. 4 од Статутот на ЈКП "Водовод" - Битола и чл. 33 точка 4 од Деловникот за работа на Управниот одбор а согласно доставеното Мислење за годишната сметка и финансиските извештаи од Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење во ЈКП "Водовод" – Битола, Управниот одбор на седницата одржана на ден 07.03.2024 год. ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на ЈКП "Водовод" – Битола за 2023 година**

1.Се усвојуваат во целост годишната сметка и финансиските извештаи на ЈКП"Водовод" – Битола за 2023 год. според следните сметководствени параметри:
**Вкупни приходи ................... 257.199.351,00 ден.**
**Вкупни расходи .................... 297.279.890,00 ден.**
**Загуба пред одданочување .......... 22.080.539,00 ден.**
**Данок ................................................ /**
**Нето загуба...................................... 22.080.539.,00 ден.**

**2.**Составен дел на оваа Одлука се Билансот на состојбата на ден 31.12.2023 и Билансот на успех за период од 01.01.2023 до 31.12.2023 на ЈКП „Водовод" – Битола.
3.Составен дел на одлуката е и доставеното Мислење од Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈКП „Водовод" – Битола.
4.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Управниот одбор на ЈКП „Водовод" – Битола на седницата одржана на ден 07.03.2023 год. разгледувајќи ја годишната сметка и финансиските извештаи на ЈКП "Водовод" – Битола за 2023 год. едногласно одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА У.О**

**Пеце Стојковски**

Јавно комунално претпријатие "ВОДОВОД" п.о. БИТОЛА 1